# Коментари за резултатите од работењето на Жито Лукс АД Скопје во периодот 01.01.2019 – 31.03.2019 година

Во првото тромесечие од 2019 година, компанијата оствари пониски финансиски резултати споредбено со тромесечието од минатата година.

**1 Приходи од продажби**

Приходите од продажба се намалени за 4%, што произлегува од напуштање на производи со ниска профитна маржа. На постоечкиот пазар на агресивна конкуренција, компанијата внимателно ги анализира понудените цени, со цел да ја одржи профитабилноста.

**2 Трошоци**

И покрај фокусот на компанијата врз строга контрола на трошоците, трошоците на произведени производи се зголемени за 3%, како резултат на повисоките цени на енергенсите (гас и електрична енергија), како и повисоката цена на основните суровини. Взаемниот ефект на повисоки трошоци и намалени продажби, доведе до пониска бруто и нето добивка во првото тромесечие.

**3 Останати оперативни приходи и расходи**

Останатите оперативни приходи се повисоки за 19%, од продадени стари матријали, додека останатите оперативни расходи се на слично ниво како и во тромесечието минатата година.

**4 Идни аспекти**

Првото тромесечие од годината вообичено е со пониски резултати, но се очекува периодот на жетва да донесе подобри цени на основната суровина, што ќе помогне во неутрализирање на негативниот ефект до крајот на годината. Менаџментот е насочен кон развивање нови производи со додадена вредност и задржување на своите лојални потрошувачи во постоечките и новите производни категории.